**ПУ-ПОД-ПОН**-01 **Број 02-2782/7 од** 27.05.2010

# Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на посредници со недвижности

ВОВЕДНА ОДРЕДБА

Член 1

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на професионална одговорност (ОУ-ПОД-01), освен во делот кој е поинаку определен со овие услови.

ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ

Член 2

(1) Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања на нарачателите на услуги или на трети лица, кои се последица на стручна грешка на осигуреникот и за која осигуреникот одговара врз законска основа.

НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

Член 3

(1) Осигурувањето, покрај неосигурените опасности одредени во Општите услови за осигурување на професионална одговорност, не ја покрива одговорноста и за оштетни побарувања:

1) што настануваат како последица на злоупотреба на поверливите информации од нарачателот од страна на осигуреникот или лицата вработени кај осигуреникот;

2) за штета што ја предизвикало трето лице на кого осигуреникот му овозможил вршење на дејност врз основа на неговата дозвола за вршење на дејноста (позајмување на печат и сл.)

Овие Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на посредници со недвижности се донесени на 25 -та седница на Одборот на директори на Друштвото, одржана на 26.05.2010 година и се применуваат од 01.01.2010 година.